**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2017 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 158355/1 од 13.03.2018 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2017 година (арх. бр. _________ од 16.04.2018 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 16.04.2018 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2017 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2017 година во вкупен бруто износ од 1.584.850.714,00 денари (една милијарда петстотини осумдесет и четири милиони осумстотини педесет илјади и седумстотини четиринаесет денари), кој претставува нето добивка остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Македонија".
Бруто износот на дивиденда по акција е 18,374036245 денари (осумнаесет денари и триесет и седум дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2017 година е 17.05.2018 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2017 година е 15.05.2018 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2017 година е 16.05.2018 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2017 година ќе се изврши до 30.09.2018 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите за исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската Берза за Хартии од Вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2017 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**

**Претседавач**